Граѓаните на Чешиново-Облешево ги разрешија дилемите, гласаа и одлучија парите од проектниот фонд на Форумите во заедниците да ги наменат за купување на Специјална механизација за собирање, изнесување и депонирање на смет.



Вкупниот буџет на проектот изнесува 6.035.765 што го надминува буџетот на програмата. Имајќи ја предвид важноста на овој проект за целата општина, градоначалникот Јорданчо Лефков, во името на општината, се согласи да ги обезбеди дополнителните средства над проектниот фонд. На петтата форумска сесија што се одржа на 22 февруари 2012 година беше заокружен уште еден процес во кој граѓаните се вклучија во носењето на одлуките кои се од голема важност за подобрувањето на животот во нивните заедници.

Другите два проекти, кои заради ограниченоста на проектниот фонд не можат да се реализираат сега, граѓаните ги ставија на листата на препораки што му ја предадоа на

градоначалникот Лефков. „Би сакале општината и градоначалникот да најдат сила и средства да ги реализираат препораките во наредниот период и на тој начин им излезат во пресрет на потребите на граѓаните“, рече Катерина Стојанова. „Ова ќе ни покаже на нас, граѓаните, дека општината и градоначалникот се отворени за нашите сугестии и нашето учество во креирањето на одлуките“,  додаде Стојанова која од името на граѓаните на општината му ги предаде препораките на градоначалникот Лефков.



Градоначалникот се согласи дека ова се горливи проблеми и им се заблагодари на граѓаните за нивното посветено учество на форумските сесии што ја покажува нивната желба да бидат активни во решавањето на нивните проблеми. „Општината ќе продолжи да бара нови фондови за да може да ги реализира препораките што и ги упативте вие, граѓаните на Чешиново-Облешево“, додаде тој.

Пред крај на сесијата беше формирана работна група која ќе го следи спроведувањето на проектот и на препораките.